ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 16 од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16), член 16 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на хх јуни 2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ Битола регулиран период 2024-2026 година**

1. На ЈКП „Водовод“ Битола се утврдува регулаторна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:

   - за 2024 година
     - за категорија домаќинства во износ од 34,00 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 56,78 ден/m³.

   - за 2025 година
     - за категорија домаќинства во износ од 34,57 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 57,74 ден/m³.

   - за 2026 година
     - за категорија домаќинства во износ од 35,12 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 58,64 ден/m³.

2. Давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение треба да ги примени следните услови:
   - да ги применува тарифите од точка 1 на ова решение и
   - да подготви и достави до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија План за прилагодување на тарифите и Бизнис план согласно ова решение.

3. Се задолжува давателот на водната услуга да достави нов План за прилагодување на тарифите за водни услуги за регулираниот период 2027-2029 година најдоцна во рок од девет месеци пред истекот на важноста на ова решение.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 јули 2024 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈКП „Водовод“ Битола, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2024-2026 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр. 08-327/23 од 15 мај 2023 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги по спроведување на постапката утврдена во Законот за утврдување на цени на водните услуги донесе Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ Битола за регулиран период 2024-2026 година, УП1 бр. 08-327/23 од 1 декември 2023 година.

Со горепоменатото решение се утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 42,62 ден/m$^3$ за 2024 година, 43,22 ден/m$^3$ за 2025 година и 43,86 ден/m$^3$ за 2026 година.

Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ Битола за регулиран период 2024-2026 година беше објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258 од 7 декември 2023 година.

Согласно член 13 став (10) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, давателот на услугата ЈКП „Водовод“ Битола е должен, без одлагање и не подоцна од 15 дена од денот на објавување на решението во Службен весник на Република Северна Македонија, да го достави до органот на управување на давателот заради донесување одлука за утврдување на тарифа за водна услуга.

Согласно член 13 став (11) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, органот на управување на давателот е должен да ја донесе одлуката во рок 15 дена од денот на приемот на одлуката и истата да ја достави до градоначалникот заради давање согласност на одлуката во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување, а согласно член 13 став (12) од истиот закон, градоначалникот на општината е должен во рок не подолг од 60 дена да започне постапка за давање согласност на одлуката за утврдување на тарифа за водните услуги.

Согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги и член 14 став (7) од Правилникот, давателот на водната услуга е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, во рок од 150 дена од денот на објавувањето на Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ Битола за регулиран период 2024-2026 година во Службен Весник на Република Северна Македонија, да достави согласност од Советот на општината. Согласно доставениот допис од ЈКП „Водовод“ Битола со архивски број 03-1146/3 од 2 јануари 2024 година, од Советот на општината не е дадена согласност на одлуката од управниот одбор.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги донесе Решение за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ Битола  за регулиран период 2024-2026 година УП1 бр. 08-327/23 од 4 март 2024 година, и го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.55 од 6 март 2024 година.

Согласно член 16 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е должна, во рок не подолг од 120 дена од денот на донесувањето на решението за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ Битола , да донесе решение за утврдување на регулаторна тарифа.

**Анализа од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**

По направената анализа на доставените податоци, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| Опис | Ед.мерка | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|
| РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR) | денари | 288.508.910 | 292.387.737 | 295.986.990 |
| Количина | денари | 6.853.336 | 6.853.336 | 6.853.336 |
| Домаќинства тарифа | денари | 34,00 | 34,57 | 35,12 |
| Останати тарифа | денари | 56,78 | 57,74 | 58,64 |

Оперативните трошоци за регулираниот период 2024 – 2026 година утврдено е да изнесуваат:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар со исклучок на трошокот за електрична енергија, се прифатени согласно реализираните трошоци во 2023 година, додека трошокот за електрична енергија е пресметан согласно доставените податоци за годишната потрошувачка и предвидената цена за 2024 година. Истите се утврдени да изнесуваат 63.544.451 денари за 2024 година и 64.815.340 денари за 2025 година и 66.111.646 денари за 2026 година;
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства се прифатени согласно податоците од барањето и истите изнесуваат 5.859.128 денари за 2024 година, 5.976.371 денари за 2025 година и 6.095.964 денари за 2026 година;
3. Трошоците за осигурување на основни средства се прифатени согласно реализираните трошоци од 2021 и 2022 година. Истите се утврдени да изнесуваат 8.250.034 денари за 2024 година и задржани на исто ниво за наредните години од регулираниот период;
4. Трошоците за бруто плати се пресметани врз основа на исплатената плата за месец септември 2023-та година, со тоа што е применет клуч на распределба согласно учеството на трошоците од водоснабдување во вкупните трошоци од базната 2022 година. Истите се утврдени да изнесуваат 144.976.821 денари за 2024 година, 147.876.357 денари за 2025 година и 150.833.884 денари за 2026 година;

5. Другите услуги за 2024 година се прифатени согласно податоците од барањето и изнесуваат 8.214.076 денари, задржани на исто ниво за наредните години од регулираниот период;
6. Останатите и вонредните трошоци за 2024 година се прифатени согласно податоците од барањето и изнесуваат 13.906.872 денари, задржани на исто ниво за наредните години од регулираниот период;
7. Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот за 2024 година се прифатени согласно податоците од барањето и изнесуваат 470.226 денари, задржани на исто ниво за наредните години од регулираниот период;

Амортизацијата на ново набавените сопствени основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 27.453.036 денари за 2024 година, 27.888.835 денари за 2025 година и 27.964.852 денари за 2026 година.

Амортизацијата на бесплатно добиените основни средства со кои се врши водната услуга е утврдена да изнесува 411.472 денари за 2024 година, 390.899 денари за 2025 година и 371.354 денари за 2026 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 1.435.368 денари за 2024 година, 1.454.665 денари за 2025 година и 1.472.572 денари за 2026 година.

Приносот на регулираните основни средства за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2024 година изнесува 13.987.426 денари, за 2025 година изнесува 13.144.062 и за 2026 година изнесува 12.295.509 денари.

Во однос на количината на испорачана вода, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги првично за секоја година од регулираниот период 2024-2026 година има пресметано количина соодветно на процентот на приходувана вода од 2023 година, додека процентот на неприходуваната вода е предложено да се намалува на 55% во 2024 година, 53% во 2025 година и 51% во 2026 година. Потоа на вакви пресметани количини е признаен просек за сите три години од регулираниот период и утврдено е да изнесува 6.853.336 ден/m$^3$ годишно.

Соодветно на горенаведеното, регулаторната тарифа за категоријата на корисници – домаќинства од Битола изнесува 34,00 ден/m$^3$ за 2024 година, 34,57 ден/m$^3$ за 2025 година и 35,12 ден/m$^3$ за 2026 година, додека пак за категоријата на корисници – останати регулаторната тарифа изнесува 56,78 ден/m$^3$ за 2024 година, 57,74 ден/m$^3$ за 2025 година и 58,64 ден/m$^3$ за 2026 година.

При утврдување на регулаторната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

Регулаторната комисија за енергетика го задолжува ЈКП „Водовод“ Битола да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**УП1 бр. 08–327/23**
**xx јуни 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**